Читајте нè и на интернет и таму сме бесплатни **skopskoeho.mk** КЛИКНИ!

МАКЕДОНСКО ЕХО

бр.33 – 18.04.2024

бесплатен неделник




МНОГУ ПАРИ СЕ ПОТРОШИЈА, АМА...

# Македонското здравство е сериозно болно, а власта го лекува со ветувања









## Прашавме: Зошто треба токму вие да бидете избрани за претседател на Македонија?



## Системот се гуши од неадекватни закони и превработеност со најчесто некомпетентни кадри



## Ќе гласам за претседателски кандидат кој не ме лажел и манипулирал



# Јапонија и Кина имаат возови што „шибаат“ 400 километри на час, нашиве министри даваат ветувања со таа брзина



Македонските деца во 21 век не можат да видат воз. Низ земјава ретко ги има во движење, па ако родител сака на дете да му покаже локомотива треба да го носи на некој слеп колосек каде чмае некоја стара машина. Да, да... тоа е реалноста во нашата држава во векот во кој Кина и Јапонија се натпреваруваат кој ќе направи најбрз воз, па веќе ја минаа границата од 400 километри на час. Во исто време, во Македонија (пред неколку недели) нашиве функционери успеаја да направат возот Скопје – Велес наместо 20 километри на час да „лета“ со брзина од 50 километри.

Е, во таква ситуација, Македонски железници пред некој ден славеа 151 година откако на 9 април 1873 година во Велес пристигнал првиот воз на линијата која водела до Солун, што се смета како почеток на железничкиот сообраќај на подрачјето на Македонија. Тогаш почнал железничкиот сообраќај и почнал подемот на овој вид на транспорт во нашата земја. Имаше во едни убави времиња бројни возови од Скопје кон Битола, Гевгелија, Кочани, Кичево..., фунционираше посебен воз „Пелагонија експрес“, имаше возни конекции кон Атина, Минхен, Париз...

Но, тоа веќе е само минато. Сите во светот се развиваа, ние стагниравме, а во последно време одиме и наназад. Направените пруги се распаѓаат, мостовите попуштаат, а возовите, (има и некои понови) зјаат празни. Двете железнички претпријатија се едни од најголемите загубари во земјава. Вработените често платата ја земаат после штрајк.

Сето ова е резултат на неуспешното работење, неинвестирање, неодржување, недомаќинско работење, партиски вработувања, незаинтересираност... Ама владините функционери не се предаваат, се уште ветуваат дека ќе се средела работава. Надежта сега ја гледале во либерализацијата на железничкиот сообраќај. -Ќе ја трансформираме Железницата и ќе ја направиме европска и модерна. Со либерализацијата отворивме ново поглавје, порача пред некој ден вицепремиерот Фатмир Битиќи. Но, дали така и ќе биде? И зошто железницата не се оправи до сега имаа и време и даваа пари, за да не мора да се даде на странци?

Многу работи е потребно да се сменат во организацијата на железничкиот сообраќај во Македонија, а за тоа не требаше да се чека на либерализацијата. Со децении никако да се заврши пругата кон Бугарија, веќе постоечките железнички пруги и мостови не се одржуваат како што треба...

Во Македонија само функционерските ветувања дека ќе ја оправат железницата стигнуваат до 400 километри на час. Значи, сепак Кина и Јапонија има што да научат од нас.



Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

ШТО ЌЕ „ВАГААТ“ ГРАЃАНИТЕ ПРЕД ДА ОДЛУЧАТ КОГО ДА ИЗБЕРАТ?

# Ќе гласам за претседателски кандидат кој не ме лажел и манипулирал

**Од претседателот на државата очекувам секогаш да ја кажува вистината на своите граѓани. Недозволиво ми е, посебно, да не ја зборува вистината кога се работи за надворешната политика, вели Зоран Дервишовски**




Претседателската кампања врви засилено, а почнува и трката за места во македонскиот парламентот. Многу ветувања се слушаат од сите страни. Но, меѓу граѓаните се слуша и тоа дека се помалку им се верува на изборните ветувања, особено ако во минатото тој што ветувал не го реализирал ветеното.

Претходните искуства, најчесто од избори до избори, но и во други прилики, сите се изнаслушавме најразлични ветувања, но и „вистини“ кои се случиле или ќе се случат. Многу од овие „вистини“ набрзо се покажаа како лаги кои за жал нанесуваа големи негативни последици по Македонија и нејзините граѓани. Сетете се само на силните уверувања на еден лидер и неговата свита дека нема да го менуваат Уставот и името на државата.

-Не може некој што ме лажел сега да го добие мојот глас на избори. Кој со манипулации се служел – пак ќе се служи. Затоа многу ќе вагам за кого ќе гласам за претседател, ни вели скопјанецот Оливер.

Да, авторите на лаги продолжуваа да владеат, а на граѓаните им останува само гласањето на избори за евентуално да ги санкционираат за лагите. Односно, од избори до избори да извлекуваат поука од тоа дали и на кои политичари може да им веруваат. Во една таква ситуација македонските граѓани се наоѓаат и сега пред претседателските и парламентарните избори.

-Од претседателот на државата очекувам секогаш да ја кажува вистината на своите граѓани. Недозволиво ми е, посебно, да не ја зборува вистината кога се работи за надворешната политика иако знам дека претседателите и политичарите никогаш не ја кажуваат целата вистина. Инаку, еве, за во Охрид, поранешниот премиер Димитар Ковачевски зборуваше како градбата на базенот е во завршна фаза, а ние гледаме дека таму две години нема никаква промена. Такво лажење е непотребно, ни вели Зоран Дервишовски.

Лагите во водењето на надворешната политика се посебно болни и за други наши соговорници. Им пречи тоа што на пример највисоките државни преставници прво велеа дека не знаат каков е „францускиот предлог“ а потоа откако го потпишаа без согласност на мнозинството кажуваа дека тие учествувале во неговото правење и дека е добар.



**ЗОРАН ДЕРВИШОВСКИ: Не, мислам дека не можеме да очекуваме тој што лажел во минатото веќе да не лаже**

-За еден автопат дадоа 30 ветувања со конкретен датум дека ќе го завршат и пак ништо. И сега глас од мене бараат, давајќи ми ново ветување. Ќе гласам за тој што не ме лажел, беше еден од коментарите на лице кое сака да е анонимно.

Сепак, може ли да се очекува тој што лажел во минатото веќе да не лаже?

-Не, мислам дека не можеме тоа да го очекуваме, смета Дервишовски.

Дали политичарите склони кон лага ќе бидат казнети на изборите останува да се види. Факт е дека има и граѓани во Македонија кои сакаат да бидат лажени и даваат поддршка на такви лица. Кои се повеќе, таквите или оние што не толерираат лага, ќе се види на изборите.

## Се кажуваше дека името на државата нема да се менува...

**Политичарите, односно, државните функционери кои во различни периоди ја водеа нашата државата, на граѓаните, на пример, им кажуваа од тоа дека ќе дојде „милијарда од Тајван“, дека „во секое семејство ќе има по еден вработен“, а па се до поновите ветувања пред 6-7 години дека „Уставното име на Република Македонија и Уставот нема да се менуваат“... па дека ќе дојдат многу инвестиции за кои и камен темелници удираа, па дека Што се се случувало по овие ветувања, граѓаните се уште добро паметат.**

HALKBANK
>ВАЖНИ СЕ ЛУЃЕТО

## МНОГУ ПАРИ СЕ ПОТРОШИЈА, АМА...

# Македонското здравство е сериозно

**Здравството ни е дно. Се е отидено надолу. Тоа што 40 години плаќав здравство ништо не значи. Сега ако немаш пари за мито и за приватно да се лечиш, отиде јабана, вели Слободанка Таушанова**




Ситуацијата во македонското здравство е „врвка". Граѓаните само нервозно си шепкаат: „Бог да не чува за да не имаме потреба од одење по болници". Многу пари се потрошија, многу ветувања се дадоа ама здравствениот систем колабира и најповиканите (воедно и многу платените од власта) не го најдоа лекот.

Сето тоа донесе многу маки за жителите на Македонија. Еве еден пример: Пред околу девет месеци ќерка ми падна од велосипед и го повреди коленото. Во болница во Охрид, тогаш, лекарот и не ја ни прегледа туку ја упати на ехо на колено. По тоа немаше кој да ја прочита снимката. Отидовме и вечерта, но лекарот на физикална не „откачи". Моравме да отидеме на приватен лекар, да правиме магнетна резонанца...



**ТОНИ ВАСИЛЕВСКИ: Како и да е, по девет месеци коленото на ќерка ми уште не е санирано**

-Како и да е, по девет месеци коленото на ќерка ми уште не е санирано, ни се пожали Тони Василевски.

Може само да се претпостави колкава е неговата огорченост од здравството за кое цел живот издвојува средства. За жал, многу, многу има како Тони. Во Македонија стана вообичаена неможноста да се дојде на ред за преглед, за снимање, за читање резултати, за добивање терапија..., да нема соодветни лекови... Плус лоши се условите за работа, не се реновираа повеќето болници, намалениот е број медицински персонал, нема доволно соодветни медицински апарати (или пак ги има ама чмаат по магацини)...

### ЗАМИНУВААТ ЛЕКАРИ, СЕ ГАСНАТ ОДДЕЛЕНИЈА

Граѓаните негодуваат, реагираат и укажуваат дека стануваат жртви на така заболениот систем

- Македонското јавно здравство е во очајна состојба. Потребни се темелни реформи. Сакам да бидам третиран хумано и професионално и ми пречи хаосот и неорганизираноста во здравствените установи. Вработените службеници наместо да ја олеснат работата од нестручност и незнаење дополнително ја отежнуваат и пациентот на крајот секогаш е жртва, потенцира Горан Михајлоски.

Од друга страна, Горан Димитров, претседател на Македонско лекарско друштво во медиумите постојано посочува дека според неофицијални сознанија, годишно земјава ја напуштаат околу 200-250 лекари, а околу 150 лекари заминуваат во пензија. Во земјава, како што се наведува веќе има недостиг од околу 11.500 разни стручни медицински работници. Болниците остануваат без кадар, посебно во внатрешноста. Битолската болница веќе нема инфективно одделение, детското одделние во болницата во Охрид работи само како амбуланта, а таму на речиси сите одделенија има недостиг на лекари. Слично е и на други места.

На сето ова и организираноста во здравството е површна. Лани државните ревизори во битолската болница открија дека не се користи линеарен акцелератор купен за 1,6 милиони евра заради тое што не се создадени услови за негово активирање и по десетина години откако е платен.

-Условите по болниците се ужасни. Лекарите работата во ординации каде ни вратата не можат да ја затворат. Оптеретени се со голем број пациенти кои чекаат редови и бесот го истураат врз лекарите. Гледаме, иако не е често, и по некое медицинско лице кое се однесува како негова да е болницата, се обраќа без



**ГОРАН МИХАЈЛОВСКИ: Наместо да ја олеснат работата од нестручност дополнително ја отежнуваат и пациентот на крајот секогаш е жртва**

## Болниците во Штип и во Кичево никако да се завршат

Околу 35.000 жители на Кичево над 30 години чекаат новата болница. Со години се добиваат нови ветувања од секоја власт, но и по три и пол децении објектот се уште е во изградба. Штипскиот клинички центар, пак, веќе цели осум години никако да се догради иако во 2016 година се ветуваше дека ќе се заврши за две години. Граѓаните во овие два големи града се лекуваат во старите здравствени објекти.

-Денес ги видов просториите, сум бил тука и порано како лекар, тие не заслужуваат така да работат. Ова навистина не личи на ништо, на 21 век, изјави лани тогашниот министер за здравство Фатмир Меџити при посетата на штипската болница.

# болно, а власта го лекува со ветувања





респект, а поради тоа не сноси никакви последици. Лоши се и апаратите, вели Биби Георгиева.

Последица на сето ова е големо незадоволство, и кај пациентите и кај лекарите. Неодамна протестираше здравствениот Синдикат за поголеми плати, а на почетокот на неделава во штрајк стапија околу 400 лекари специјалисти кои бараа поголеми плати, да бидат здравствено осигурани, да имаат подобри услови за да утре не го напуштат македонското здравство во кое има се помалку лекари специјалисти.

### КАДЕ СЕ ВЕТЕНИТЕ НОВИ БОЛНИЦИ?

Обидите на актуелните власти во изминативе години нешто да подобрат не вродија со плод. Реформата со која по клиниките се воведоа двајца скапо платени директори се покажа како промашена,



**БИБА ГЕОРГИЕВА: Условите по болниците се ужасни. Лекарите работата во ординации каде ни вратата не можат да ја затворат**

платите на лекарите донекаде се зголемија, но не и доволно за да ги задржат лекарите, условите за работа не се подобрија многу, не се зголеми бројот на специјалистите, не се набави многу нова опрема, регионалните болници никако да се завршат, а наместо тоа власта ја форсираше идејата за изградба на сосема нов клинички центар во Скопје кој треба да чини повеќе од 500 милиони евра... Ама и за него само зборуваа, зборуваа... И матичните лекари се жалат на третман и исплата на обврските кон нив, а веќе 15-тина години не се проширува „позитивната" листа на лекови за граѓаните.

-Здравството ни е дно. Се е отидено надолу. Тоа што 40 години плаќав здравство ништо не значи. Сега ако немаш пари за мито и за приватно да се лечиш, отиде јабана, се жали Слободанка Таушанова.

Сите овие проблеми и слабости на нашето здравство кулминираа во текот на двегодишната пандемија на корона вирусот, од чии последици во Македонија починаа околу 10.000 граѓани, со што бевме меѓу светски рекордери. Иако се ветуваше не се направи анализата за смртноста, не се извлекоа поуките од немањето на јасни протоколи. Едноставно, таа институционална слабост се стави под тепих, а некои актери од тоа време дури и глас за пратеник бараат. - Во моментов најбитно е да се направи прочистување на вработените, да се спречи партизацијата и партиското вработување, да се избираат способни и квалитетни кадри. Здравството треба да биде ставено во приоритетите на државата. Ние сме мала држава и со еден вистински бајпас можеме да имаме многу квалитетно здравство, смета Горан Михајлоски.

Слободанка Таушанова бара нови болници.

-Треба да се изградат нови клинички центри низ градовите, да им се дадат поголеми плати на здравствените работници. Но, треба и да се провери стручноста на сите, потенцира таа.

Лек за болното здравство мора брзо да се најде. Кој ќе биде лекарот што ќе ја препише терапијата ќе се знае по изборите.



**СЛОБОДАНКА ТАУШАНОВА: Сега ако немаш пари за мито и за приватно да се лечиш, отиде јабана**

## Изгореа пациенти во Тетово, на „Онкологија" пак...

**Покрај површноста, во здравство царува и неодговорноста. Ужасниот пожар во тетовската модуларна болница во кој пред три години изгореа 14 лица заврши без вистински казни за одговорните. Двајца обвинети беа осудени на условини казни, а еден ослободен од обвинение. Сега, пак, се чека на расплет на случајот „Онкологија" кој започна со страшните сознанија дека се краделе терапиите од болни од карцином и се препродавале на други лица. Обвинителството соопшти дека сега се осомничени пет лица за кривичното дело Измама...**

АГРОНОВА Систем интегратор
АГРОНОВА ДОО – СКЛАДИШТА МАЏАРИ
ЈАВНИ И ЦАРИНСКИ СКЛАДИШТА И ШПЕДИЦИЈА
Ул. Благоја Стефковски бб Маџари, 1000 Скопје Македонија
Тел: +389 2 2535 510 Моб: +389 71 382 062
e-mail: info@agronova.com.mk



ПОВЕЌЕ ЗА ПОМАЛКУ
Избери пакет банкарски услуги по твоја мерка и заштеди на месечните трошоци
Комерцијална банка
ПОЛЕСНО Е ЗАЕДНО
kb.mk

„МАКЕДОНСКО ЕХО“ ГИ ПРАШУВА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ КАНДИДАТИ:

# Зошто треба токму вие да бидете избрани за претседател на Македонија?

На 24 април, македонските граѓани ќе излезат на првиот круг на изборите за Претседател на Македонија. На гласачките ливчиња ќе имаат избор меѓу седум кандидати коишто претходно ги исполнија условите за да претендираат на највисоката функција во земјава. Ние како редакција на весникот „Македонско Ехо", сакајќи да дадеме свој придонес во што подобро претставување на претседателските кандидати, како и што подобро гласачите да ги видат разликите меѓу кандидатите, до сите седуммина упативме исто прашање:

Зошто сметате дека треба токму Вие да бидете избрани за претседател на Македонија?

Кандидатите беа замолени својот одговор да го напишат и пратат во редакцијата за што имаа 5 дена на располагање. До истекот на предвидениот рок ни пристигнаа одговори од четири претседателски кандидати: Гордана Силјановска – Давкова, Билјана Ванковска, Максим Димитриевски и Стевчо Јакимовски. Останатите тројца кандидати: Стево Пендаровски, Бујар Османи и Арбен Таравари не одговорија на прашање и покрај неколкукратните наши потсетувања во текот на изминативе денови.

Еве што одговорија четирите кандидати за македонски претседател:

МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ

## Некој мора да биде коректив на извршната и законодавната власт



Сметам дека Македонија треба да добие Претседател кој ќе го врати достоинството на таа функција, која политичките елити ја маргинализираат. На Македонија и треба Претседател кој доаѓа од граѓаните и ќе биде за граѓаните, односно ќе ги штити нивните и државните интереси, а не оние на политичките елити и мал број луѓе кои искористувајќи ја власта се богатат, а секојдневно, веќе 30 години, го осиромашуваат народот, а со тоа и државата.

Претседателот на државата, согласно Уставот, има механизми со кои може да го насочи бродот да плови на вистинскиот пат. Имам намера да ги искористам. Некој мора да биде коректив на извршната и законодавната власт доколку застранат, доколку не работат согласно законите, Уставот, интересите на државата и граѓаните. Затоа јас со личен пример ќе мотивирам, поттикнувам и придонесувам секој граѓанин да го даде својот максимум.

ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА ДАВКОВА

## Ветувам дека ќе бидам бедем на македонската државност



Ние сме во тешка демократска криза, како што тоа неделава го констатираше и „Фридом Хаус" во нивниот извештај. Загрозена е правната држава поради конзулското двовластие, односно безвластие, одомаќената и незауздана корупција и криминал, зависното судство без никаква доверба. Државата е партизирана, економијата е десеткувана, социјалната заштита е селективна, културата е целосно заборавена. Македонија е оценета како цикличен хибриден режим, го добивме најлошиот извештај на ЕУ за состојбите во државата каде што најповторуваната фраза е дека нема напредок.

Се кандидирам заради состојбата на агонија. Повеќе не почитуваат надвор отколку ние самите себе. Токму денес, кога славиме 80 години македонска државност, стремежите, вредностите и принципите на трите Илиндени за самостојност и независност, се под животна закана. Во ова време невреме, кога се плашиме дека катадневно, делче по делче ја губиме државата, се исправам пред вас и ветувам дека ќе бидам бедем на македонската државност!

БИЛЈАНА ВАНКОВСКА:

## Нудам слободна Македонија во новиот мултиполарен свет



Ако на граѓаните на Македонија им е прифатлива оваа иста приказна што им ја нудат шестината противкандидати, кои навидум зборуваат различно, но се држат за истата мантра, за општествениот, политичкиот, економскиот, па и моралниот статус кво, којшто нè доведе до колапс – нека си одберат еден од нив. Во мене имаат апсолутно искрена, чиста и нова понуда.

Јас сум „политичка девица" (без никаков политички багаж, како и партијата Левица што ме поддржува). Врз база на факти, здрав разум и аргументи и без заобиколување зборувам за сите погубни политики и договори кои ни ја уништија државата, и македонството и достоинството. Но, нудам и визија и решенија во вид на модерна и нормална држава без корумпирани и поданички елити, без надворешно туторство, без внатрешни уцени со војна, како и внатрешна интеграција и поврзување со најнапредните сили во Европа и светот. Нудам слободна Македонија во новиот мултиполарен свет заснован на миролјубива коегзистенција и соработка на сите четири страни на светот.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ

## Моите ставови за најважните национални интереси се јасни и цврсти



Во овие специфични времиња на Македонија и треба претседател кој ќе биде симбол на државноста, човек со интегритет, респектиран од сите политички фактори во државате, со големо политичко искуство, способен да ги заштити националните интереси. Тоа го сакаат и го бараат граѓаните. А што сакаат и што прават големите политички партии? Тие упорно ја партизираат оваа функција и ја прават продолжена рака на политичките партии.

Јас сум политичар кој зад себе оставил бројни и видливи резултати, кој многи добро знае како функционира државата, со доволно искуство, да не води низ внатрешната и надворешната политичка сцена, но доволно одлучен и храбар да се спротивстави на се она што не е интерес на граѓаните на Република Македонија. Впрочем, моите ставови за најважните национални интереси се јасни, недвосмислени и цврсти, зато во мене граѓаните препознаваат претседател во кој веруваат дека нема да попушти ни при најголем притисок.




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

# ГРАЃАНИТЕ ДО ФУНКЦИОНЕРИТЕ



На битолската улица „Елпида Караманди" веќе неколку месеци стои оваа дупка. Колку уште ќе стои треба да одговори КЈП „Никоградба", нели? **Мирко**



Овој мал мост и кејот на рекичката кај ОУ Кирил и Методиј во Свети Николе време е да се средат. Предолго се прават, се наголтавме прашина, а сето тоа е во паркот каде треба да биде обратно. **Јонче**

следете не на
Facebook Skopsko Eho



Со години ли ќе ја прават големата раскрсница која требаше да ни го олесни патот кон Блаце и Косово но и кон Карпош? **Н.Н.**



За да се поправат двете лулашки на детското игралиште во Велес потребни се само неколку штичиња. Може ли да се најдат и наместат? **Даниела**

**Почитувани читатели,**
**Преку рубриката „ФОТО ДОКАЗ" можете да испратите пораки до македонските централни и локални власти за се она што мислите дека треба да го поправат, доправат, направат, исчистат... или пак да ги пофалите за нешто добро сработено. Сите ваши фотографии и краток коментар може да ни ги испратите на e-mail: skopskoeho@yahoo.com**
**Во зависност од просторот и соодветноста на пораките Редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО" поголемиот дел од нив ќе ги објави во весникот.**

# Каде останаа заборавени 13,4 милиони евра од градската каса на Скопје?



Град Скопје кубури со средства за реализирање на поголеми проекти. Секое од досегашните градоначалнички раководства се жалеше дека во градската каса нема доволно пари за да се тргне во градежна офанзива. Добро. Но, се води ли доволно сметка каде одат парите кои ги има во градската каса? Се знае ли подетално за што се потрошени милионите евра кои ги имаше во градскиот буџет?

Еве на пример познато е дека имаше две крупни исплати кои во 2019 година завршиле на сметките на Градот Скопје, но некако како да не се знае дали парите се уште се таму или се потрошени. Првата исплата се однесува на продажбата на објектот на Градската куќа под Кале која во ноември 2019 година тогашното градско раководство на чело со Петре Шилегов ја продаде на компанијата ЕВН – Македонија за 12,7 милиони евра. Втората исплата, пак, се 700.000 евра кои во градската каса биле уплатени од државната компанија Македонски енергетски ресурси со цел да се изврши пошумувањето на Водно поради сечата на дрвјата за потребите на изградбата на гасоводот.

Значи, 13,4 милиони евра. Што бидна со тие пари? Уште во јуни 2022 година, седум месеци откако ја презеде функцијата од Шилегов, новата скопска градоначалничка Данела Арсовска алармира дека 12,7 милиони евра ги нема на градските сметки.

-Пари од градска куќа немаше во буџетот на Град Скопје. Тоа што било влезено си е во редовниот буџет и е потрошено. Во овој дел не би коментирала повеќе бидејќи има институции коишто треба да ги разгледуваат овие предмети и колку што знам има нешто активно. Не би коментирала повеќе на оваа тема, за да не прејудицираме, изјави тогаш Арсовска.

Непознато е и каква е судбината на 700.000 евра наменети за пошумувањето на Водно. Татјана Стојановска, активистка на граѓанската организација „Го сакам Водно" деновиве во интервју за „Скопско Ехо" изјави дека тие по сите овие години сега добиле одговор дека ги нема парите!?

–Договорено беше со тогашниот градоначалник на Скопје да учествуваме во финализацијата на планот за пошумување, нешто што никогаш не се оствари. Во меѓувреме се случи смена на функцијата градоначалник на Градот, по што, на нашето прашање за средствата на сметката стриктно доделени за пошумување на Водно, ни беше одговорено дека истите ги нема..., ни рече Стојановска. Дали парите се потрошени за други приоритети? Можеби се на посебни сметки и чекаат да бидат потрошени? Актуелното градско раководство е тоа кое сега треба да го даде одговор на ова. Ако треба и нека се направи истрага. Во прашање се многу пари. Кој знае, може ќе се најдат тешките милиони некаде заборавени, па ќе се искористат за многуте потреби кои ги има Скопје. Ајде надлежните нека ги побараат.

Скопјани можат да помогнат со оваа констатација: Нова градска куќа нема, а и пошумување на Водно немаше.



МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ

# Системот се гуши од неадекватни закони и преработеност со најчесто некомпетентни кадри



**Македонија остана заложник на меѓупартиско тргување со непристојни уцени врз суштината на унитарноста, вели Корнети**

Мелпомени Корнети, новинар, културен деец и дипломат, смета дека во досегашниот развој на Македонија се направени повеќе грешки...

**• Кога ќе кажете Македонија, кои мисли и слики први Ви се појавуваат?**

-Пред 20, 30- тина години одговорот ќе беше: прекрасна земја со неверојатна природна разноликост, со големи можности за развој и таленти по глава на жител, земја на племенит народ со богата традиција. Денес поимот Македонија ми предизвикува болка и копнеж за решителен пресврт.

**• Кои се најкрупните 2-3 грешки кои се направија во Македонија во последните 30 години?**

-За жал, има многу повеќе од 2-3 грешки. Изборот на водство, главно од "дебитанти" без државнички капацитет, преку кои започна грабежот на државата и народот, со начинот како се приватизираше општествениот имот.

Освен првата, експертска влада и во поново време и' требаше непартиска влада која ќе се насочеше на решавање на клучните проблеми. За жал, тоа не се случи, Македонија остана заложник на меѓупартиско тргување со непристојни уцени врз суштината на унитарноста и како што една од претседателските кандидатките вели - жртва на "фаталниот" триаголник: ОРД, Преспанскиот и Договорот со Бугарија.

Манипулацијата со просторното и урбанистичко планирање, злоупотребата на природните вредности и ресурси и деградирање на урбаниот простор. Деградирани се многу витални институции, меѓу кои и Македонската Радиотелевизија, која мораше да израсне во вистински јавен сервис на граѓаните

**• Граѓаните даваат и плаќаат даноци, но дали властите доволно и даваат на државата?**

-На почетокот, државата Македонија функционираше, потпирајќи се на наследството од поранешната федеративна заедница, а потоа, до 2010 реализирајќи и одредени реформи по европски терк. Денес системот се гуши од неадекватни законски решенија и преработеност со најчесто некомпетентни кадри.

**• Дали Вие доволно и дадовте на Македонија?**

- Простете, но, да им го поставите ова прашање на неколку премиери, министри или на пример, на последните скопски градоначалници?!! За мојот придонес би требало други да одговорат - тие што ја следеле мојата работа и ги посведочиле резултатите. Зашто, иако верувам дека доверените задачи одговорно ги извршував, тоа треба да се објективизира. Кај нас, за жал, нема метод за таква валоризација. Инаку, жалам што не сум била во позиција - да придонесев за развој на земјоделието.

**• Што Ви недостасува а, што би одзеле од државата?**

-Ми недостасуваат многу нешта, сведени на ентузијазам, заедништво, функционалност, задоволство од животот. Посебно, ми недостасува политика за враќање на животот во селата. Постојат начини па и финансиска поддршка од ЕУ фондови, но повеќето влади досега не се ни осврнаа на ова прашање. А без рурална политика, губиме и на демографски и на економски план... Што би одзела? Речиси е невозможно, но - би го исчистила целиот прекумерно изграден простор, кој го окупираа вишокот станбени објекти во Скопје и низ државата. Во недостаток на креативни идеи за урбаниот развој, а со неконтролираното градење, Македонија се претвора во бетонска џунгла.

**• Во каква Македонија сакате да живеете?**

- Општо, го посакувам тоа што и мнозинството наши содржавјани: во Македонија на вистински вредности, на социјална правда, без корупција, која би привлекла назад многумина иселени. Држава која со свои сили, суверено ќе ја креира иднината, ослободена од догмата - без алтернатива. Посебно, би сакала Скопје одамна да престанеше да се шири. Без просторно плански визии, Скопје ги апсорбира селата и повеќето градови, а самото го загуби квалитетот на животот, ја загрози инфраструктурата. Наместо тоа, недостигаат јавни објекти, продадени се капитални локации во спрегата меѓу корумпирани политичари и градежната мафија, а животот во збиени згради без аерација, зеленило и простор за социјален живот, може да не' одведе кон урбана социо- патологија, да не зборуваме за физичко здравје. Разочарувачки, но со мали исклучоци во овие три и нешто децении, раководството на државата не покажа дека мисли на народот, а камо ли да си го сака!!! Но, јас верувам во запирање на овој деградациски процес. Мислам дека апатијата ќе се замени со отрезнување и граѓанско дејствување во обликување на државата. Радува видливата мотивација кај младите, со нови идеи, наспроти досегашната политичка и социјална инерција.

## Се гордеам со историското минато, импресивното културно наследство...

**• Со што најмногу се гордеете во нашата земја?**

-Пред се', со историското минато, импресивното културното наследство, фолклорот, а посебно со македонската револуционерна традиција и блескави личности кои во невозможни услови поставија темели на македонската држава. Се гордеам и со достигнувањата на вредни и талентирани поединци во науката, уметноста, во спортот, наспроти тешките услови и отсуство на очекувана поддршка од системот.

total TV

# ГЛЕДАЈ ТЕЛЕВИЗИЈА
# ЗА 1 ДЕНАР МЕСЕЧНО




+ EON АПЛИКАЦИЈАТА

**СИТЕ ТОТАЛ ТВ ПАКЕТИ**

**12 МЕСЕЦИ**

**ПО 1 ДЕН МЕС**

**+ ПИНК ПАКЕТ**

ВО ЕКСТРА И ПРЕМИУМ ПАКЕТ

Порачај на (02) 30 63 000 | totaltv.mk



# Ќе се чека ли пироманите да се самоизгаснат?

Нема ден во Македонија, а да не се случат повеќе пожари на отворено. Центарот за управување со кризи сето тоа педантно го евидентира. Но, дали државните и општинските институции педантно (читај исполнително) работат за да нема толку многу пожари?

Еве на пример пред некој ден ЦУК известува дека во изминатото деноноќие регистрирани се 20 пожари на отворено, од кои три се уште биле активни. Тоа е загрижувачка бројка.

Пожарникари од Македонска Каменица реагирале..., а опожарена била површина од околу 30 хектари, соопшти ЦУК. Тие известија и дека имало шумски пожар на висок и непристапен терен над село Ѓермо. Од Национален парк „Шар Планина" не можеле да интервенираат на пожарот заради настапувањето на ноќта. Од ЦУК велат дека во текот на денешниот ден планирано е да интервенираат, ако во текот на ноќта не се самоизгасне.

Има уште за редење, само од тој ден. Туку нас дилемата ни е: Зарем ќе се чека и пироманите да се „самоизгаснат" и веќе да си седат „мадро"? ЦУК апелира да не се пали вегетација на отворено, да не се...

Дали апелите се доволни?

ЕХО

МАКЕДОНСКО ЕХО
ул. Димо Хаџи Димов бр. 38, Скопје
тел: 078/418-692

Редакција:
главен и одговорен уредник:
Антонио Спасов
skopskoeho@yahoo.com

Издавач:
ЕХО МЕДИА ГРУПА
ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје
жиро сметка: 290-1000000918-08

Директор:
Костадин Андоноски

Маркетинг:
marketing@emg.mk
тел.078/444-021

Тиража: 50.000 примероци
Испечатено на: 17.04.2024 г.
Печати: „Европа 92" Кочани
ул. Крижевска бр.22

ЗДРУЖЕНИЕ „ДВОЈНА НАДЕЖ"

# Помагаме во заштитата и во едукацијата на децата

**Генерално сметаме дека децата се соочуваат со сериозни предизвици кои доаѓаат од различни аспекти на оптестевното живеење и дејствување, вели Славица Хаџи-Јанева**



Децата, тинејџерите, се категорија на население кое е изложено на бројни ризици. Возраста, малото животно искуство, непосветеноста на родителите... често прават тие да тргнат и по погрешен пат, да им бидат нарушени основните права, а тоа да не наиде на совет - отпор. За тоа да не се случува, за децата да бидат заштитени и советувани како да се справуваат со животните предизвици во Штип е формирано Здружение „Двојна надеж". Целта на ова граѓанска организација која функционире неколкуи години е заштита на децата и младите согласно на Конвенцијата за правата на децата.

Претседателката на Собранието на организацијата Славица Хаџи-Јанева вели дека решиле да се активираат во штипскиот географскиот простор.

-Генерално сметаме дека децата се соочуваат со сериозни предизвици кои доаѓаат од различни аспекти на оптестевното живеење и дејствување. Општеството само декларативно се грижи за младите генерации, но не и суштински, ни вели Хаџи-Јанева.

Желбата да ги пополнат празнините коишто ги остава општеството ги мотивирало и за конкретни активности.

-Работевме на превенција и подигање на свеста за користење на марихуаната и други опојни супстанци од страна на учениците. Проектот траеше 9 месеци и се реализираше во 4 општини Свети Николе, Велес, Штип и Кочани. Во него беа вклучени над 120 деца и млади од средните и повисоките одделенија од основните училишта. Феноменот на користењето на дрогите е крајно поразителен и е во пораст. Вакумот кој постои во комуникација помеѓу институциите, глобализацијата, развојот на технологијата и електронските комуникации, заедно со апликациите за социјалните медиуми, го прават овој бизнис лесно достапен за младите, наведува таа.



**СЛАВИЦА ХАЏИ-ЈАНЕВА: Сега ќе работиме на тема врзана со онлајн радикализацијата кај младите**

Имале и активност со цел да се превенира и спречува насилен екстремизам, посебно кога се работи за верскиот радикализам. Проектот се однесувал на темелна анализа и евалуација на капацитетите на нашиот систем и на системот во Босна и Херцеговина. Во локалната заедница работеле и на проекти врзани со справувањето од сајбер и хибридни закани, а посебно се нагажирале и на тоа кај најмладите генерации да развијат отпорност кон криминалот и корупцијата. Тука посебено се работело на укажувањата за опасностите од организираниот криминал... -Сега сакаме да работиме на тема врзана со онлајн радикализацијата кај младите. Овој предизвик е пред нас во наредните неколку месеци од оваа година, наведува Хаџи-Јанева.

Таа додава дека во услови кога државата нема слух за граѓанскиот сектор и тој е проформа односно наменет само за партиски поврзани организации не може да се очекува премногу. -Во секој случај наше е да се надеваме дека ќе биде подобро и дека промените ќе почнат да ни се случуваат на подобро, нагласува таа.

## Се е свртено само кон Скопје

Во здружението „Двојна надеж" укажуваат дека се јавува еден друг опасен тренд кој донаторите (ЕУ и некој други) започнаа да го имплементираат.

-Имаме впечаток дека освен Скопје, другото не е Македонија. Сакаме гласно да кажеме дека Скопје е главен град, ама не е единствен. Да, точно е дека сме ужасно централизирани, ама градењето на граѓанскиот активизам и поддршката не завршува со Скопје. Видете само како ЕУ започна да бледее од сите градови. Катчињата на ЕУ ги немате во Битола во Штип и другите поголеми градови. Се што ви треба за ЕУ идете во Скопје. Фенси посетите на амбасадорите се во ред ама..., нагласува Хаџи-Јанева.




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

## „МАКЕДОНСКО ЕХО“ ПРАШУВА: КОИ ТРИ РАБОТИ ПРВО БИ ГИ НАПРАВИЛЕ АКО ВИЕ СТЕ ФУНКЦИОНЕР?

ВЛАДО ДИМОВСКИ

# Би се ангажирал за намален број на пратеници и министри



Доколку се најде во премиерска улога граѓански активист Владо Димовски веднаш би презел неколку работи:

### 1. Од 60 до 80 пратеници, само 11 министерства

Би предложил да се намали бројот на пратениците во парламентот на 60 до 80. Бројот на министерствата би го намалил на 11 со кои ќе раководат 11 ефикасни министри, без заменици и помошници. Би предложил да се укине функцијата Претседател на државава.

### 2. Помалку општини, а градоначалниците...

Би предложил намален број на општините оти вака се тотално расштимани и само ги трошат парите на граѓаните и ги местат тендерите. Сите градоначалници и функционери да ги вратат купените дипломи и да се фатат за занаетите кои ги знаат да ги работат (ако ги знаат) со што ќе им помогнат на граѓаните да останат во своите средини.

### 3. Пазарот во Маџари - простор за партиски митинзи

Би предложил да се реновира сточниот пазар во Маџари Скопје и да се пренамени во простор за политички митинзи. Така граѓаните ќе добијат едно култно место по неколку пати во годината да ги лечат своите фрустрации надвор од централното градско подрачје, нема, ќе нема гужви во сообраќајот...

ЈОВАН ТАНЧЕВСКИ

# Во Битола ќе направам стационар за животни и подобра хигиена



За Јован Танчевски ако е градоначалник на Битола предимство би имале работите околу-бездомните животни, хигиената и комунална инфраструктура.

### 1. Стационар за животни

-Да се обезбеди хуман третман на заловените животни. Со отворање на стационарот, би се отвориле и работни места за индивидуи кои имаат љубов кон животните, исто така овај стационар би функционирал во коалиција со здруженијата за заштита на животни.

### 2. Хигиена, хигиена и хигиена

-Би започнал обновување на возниот парк на ЈП „Комуналец“ и замена на кантите односно просторот каде што се остава ѓубрето со подземни контејнери како на ул. „Васко Карангелевски“. Би правел и итно пошумување, артикултурно освежување на градот...

### 3. Инфраструктура, вело инфраструктура

- Дислоцирање на паркингот кај Епинал, дислоцирање на паркингот кај Саат Кула, каде би се направиле пешачки зони, освен за улицата кај Епинал каде врвење би се дозволило од 6-9 часот наутро за достава на роба. Би изградил нова обиколница за транзит на возила што се движат од Грција кон Прилеп или Охрид.



# МАКЕДОНИЈА ПОВТОРНО ГОРДА!

**ГОРДАНА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ**

ВМРО-ДПМНЕ

# 2

НАРАЧАТЕЛ: ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА ЗА ТВОЈА МАКЕДОНИЈА

Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

# Нема темелно замислени проекти со конкретизирани елементи



Владимир **ВЕЛИЧКОВСКИ**

Прва задача е како да се воспостави ред и функционалност во една малубројна и поделена држава? Кој да ни каже и да го спроведе тоа кога сите мислат на грабеж и личен интерес. Кој е загрижен дека долго време пропаѓа, порано респектираниот Музеј на Македонија, но не само таа институција. Денеска емоциите ни се врзани за опожарената Универзална сала подигната во 1963 година. Таа стана симбол на солидарноста (Универзална е бугарски проект како и гимназијата „Георги Димитров") кој во долг период одржуваше чувство на присутност во некои светски релевантни движења во културата. Пред Универзална се закажуваа средби, а со нејзиното исчезнување од сцената се губи уште еден дел од „пејзажот на душата" на град и неговите жители. Зошто девет години гледавме уште една „црна дупка" во културата и уметноста во градот и Македонија?

Ете, повторно дојде „време на промени", по едно следеше друго лошо владеење. Дали историјата се повторува ако се потсетиме, со длабока тага на старата вистина дека „Македонецот убива Македонец за Македонија". А сегашниве кандидати за претседател следат една шема на пропаганда, неубедливи со повторување на едни исти фрази и ветувања кои се во расчекор со можностите и стварноста. Според лошите резултати во „минатиот труд" на високи функции некои од нив не би требало ниту да се кандидираат. Меѓутоа, следејќи ја практиката тие посакале и натаму да владеат за да се грабне и доуништи што е можно повеќе. Нема темелно замислени проекти со конкретизирани елементи. Целата сила и умеење ја користат за беспоштедна, „црна кампања" наместо сериозно да се замислат што да направат корисно и за општо добро. Имаме кандидат за „европски", а не за „македонски" претседател, а агитира за поддршка и до македонските гласачи? Една од потешките задачи е како да се решава криминалот и корупцијата, како да се ослободите право и правдата од канџите на партиите на власт? Се појасно е дека се случува ни се случува бедно образование и не само „здравствена хаварија" (три дена нема да работела хирургија на Клиника). Секако има исклучоци. Како да се задржат, како да се школуваат и обучуваат нови квалитетни кадри? Се осмелија да предложат нови еко програми (првата заврши пред да почне). Од Тетово (под Шара) направија град на големи несреќи, светски рекордер на загаденост. Стигна абер (читај наредба) дека Македонија се оценува како „циклична хибридна" држава која мора да го задржи духот на Преспанскиот договор во Нивици, како беспоговорно понижени пред европската Грција и Бугарија..

Покрај расипничкото владеење со земјата не стивнуваат нови обиди да се грабне колку се може. Во последната деценија не е завршен ниту еден автопат, а проектот (личен или државен) на „Бехтел и Енка" никако да почне да се реализира. Крстосуваат по земјата за привлекување на гласови, но не се освојува толку лесно довербата од народот. Се откриваат скандали за добро платени советници од други земји, кои знаеле како се освојува власта. Ниту медиумите не успеваат да го задржат прифатливото ниво на комуникација со јавноста. Но, луѓето, познато е, повеќе сакаат лаги, или да „уживаат" во скандали, отколку да ја слушат правата вистина, што ја чувствувам на сопствената кожа. Ни се наметнуваат поделби на проевропски и проруски „сили" во земјата. Меѓутоа, пред уцени и закани повеќе не треба да се потклекнува. Лесно може да се претвориме во земја – судница и повторно да ни бега правото и правдата. Надежта и гордоста ретко се израмнуваат со желбите во стварноста.

## ИН БОКС

### Универзална изгоре, се сфати...



ТОНЕЊЕ. Мораше ли да изгори Универзалната сала, за да се сфати во која катастрофална состојба со децении station наназад (почнувајќи од '90-те години на минатиот век) се наоѓаат скоро сите културни домови, театри, училишта, библиотеки или високообразовните и научните институции во Македонија? Од овој список, без иронија, не ги исклучувам ни т.н. селски кооперации околу кои (после напорниот ден) се собираше месното население, со шише пиво или чашка ракија за да поразговара за она што го мачи или радува, сеедно што радоста сѐ помалку ја има, бидејќи Македонија, од час во час, во секој поглед тоне. Она што беше за сите нас (каква-таква) гордост/радост веќе не личи ни на одавно заборевано гробиште.

**Љубомир Цуцуловски, 11 април, Фејсбук**

повеќе разни содржини читајте на
skopskoeho.mk
кликни!
и на интернет сме бесплатни





Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО"

# За доброто и во Македонија да стаса – треба на избори да се гласа



Никола ТАСЕВ

Случајно вчера го сретнав Миле, другар од средно. Уште оддалеку ми подвикнува: „Те гледам по телевизии и весници, кажуваш нешто таму за изборите. Јас да ти кажам порано гласав, ама сега сум ептен разочаран од состојбата во Македонија и нема да гласам. Уништија се и не сакам во тоа веќе да учествувам. А ти џабе збориш, оти сите се исти политичарите...“

„Чекај бре Миле, му велам, не е така. Баш оти си разочаран треба да гласаш, за да не дозволиш и понатаму тие што те разочарувале да владеат. И да знаеш со негласање ти повеќе учествуваш во уништувањето на земјата, бидејќи оставаш за тебе да одлучат други. Ако мислиш дека со гласањето нема ништо да промениш не си во право, затоа што и твојот глас на денот на изборите има еднаква вредност со гласот на некој политичар или функционер кој досега одлучувал за тебе. Сега ти имаш можност директно да одлучиш за себе. Оти со излегувањето на избори ќе имаш можност да покажеш дека си незадоволен, дека ти е преку глава од лажни ветувања, измами и корупција и дека нема да дозволиш никој во твое име да одлучува за иднината на твоите деца. Оти без разлика што досега имаш само огорчување, незадоволство и бес кон властите, ти Миле и сите што размислуваат како тебе имате една заедничка работа – сите си ја сакате Македонија, сите сакате таа да биде успешна, економски силна, горда, независна и стабилна. Е мој Миле, затоа треба да излезеш на гласање. За децата да ти живеат во таква држава. Така воедно ќе си бидеш чист пред себе и пред своите деца дека си се обидел, си кренал глас против функционерите кои ја злоупотребуваат државата и што коленичат пред секој однадвор, распродавајќи ја националната гордост.“

Ме слушаше Миле внимателно, па затоа продолжив да му објаснувам зошто е битно што повеќе луѓе да се појават на избирачките места. И тоа уште сега на првиот круг од претседателските избори, како претпремиера на она што треба да се случува на 8 мај на парламентарните избори.

Оти со излегувањето на изборите ќе покажеме дека сакаме светла и позитивна иднина на својот народ, на нашите деца и на нашата Македонија. Затоа што таа е и наша исто колку што е и нивна, без разлика што тие што ја уништуваат се однесуваат кон државата како да им е приватна сопственост, а ние да сме нивни наемни работници.

Овие избори треба да ги гледаме и како трет Илинден оти "врвка е работата". Македонија веќе нема луксуз да и се распродава националната гордост, државата да тоне во долгови, да нема учебници, инвестиции, нови работни места... Следните години треба да се работи за зачувување на темелите на државата оти се расклатени. Зарем тоа ќе се остави на „мајсторите“ кои ги поткопаа столбовите?

Македонија има потреба од свежа крв, нови луѓе со прогресивни идеи, кои ќе се грижат за сите во државата и кои ќе бидат замаец за достигнување на квалитетен живот за сите. На Македонија и требаат луѓе што не лажат. На Македонија мора да и се врати гордоста!

И ако немате веќе букирано билет во еден правец за бегање од Македонија, како што многумина ваши соседи и пријатели го направија тоа во последниве години, треба да излезете на избори. Оти колку и да не се интересирате за политика, колку и да не ви е блиска ниту една опција, треба на сите да им е јасно дека на изборите се одлучува и за иднината на државата, за работните места, за платите, за стипендии, за пензиите, за здравството, за образованието...

Пенкалото, мој Миле, што ќе го држиш во рака зад гласачкиот параван ти е црвен или зелен картон каде што ќе го оценуваш досегашното работење на политичарите. А ако останеш дома, ќе им го дадеш тоа право на други да ја направат оценката во твое име. И знај дека добрите луѓе како тебе Миле што не излегуваат на избори всушност ги избираат лошите функционери на власт. А Македонија на таквите треба да им даде црвен картон и долгогодишна суспензија од функционерските позиции.

На крај се разделивме, а Миле рече дека сум го натерал добро да размисли дали можеби греши што имаше намера да не гласа.

## ИН БОКС

### Желботека ли се знамињава?



Граничен премин Табановце.

Ако не знае човек поарно, ќе си рече дека сме ЕУ, во ЕУ влегува, оти си опнале (ничим изазвано) европско знаме до државното, македонско знаме.

Оти бре, оти?
Ова знамињава желботека ли се?
Или референца на старата патолошка:
"Онаа ми е девојка, само она уште не знае."

**Дарија Андовска, 10 април, Фејсбук**











Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО“

# Ќе го продлабочиме расцепот или повторно ќе се обединиме?



Ивица **БОЦЕВСКИ**

Чуму му е речникот на поделбите на Стево Пендаровски? Во сите свои настапи актуелниот претседател зборува за две Македонии, манихејски ја оцрнува едната Македонија (опозициската), а ја воспева другата (владината), враќајќи не во втората половина на претходната деценија кога еден неранимајко, Зоран Заев, користејќи го истиот тој политички речник, ја однесе земјата во амбис.

Во моментов, најудобна местоположба за мене би била да излегувам од самото јадро на моите истомисленици. Целокупната борба за Македонија, најмалку од Заевиот бојкот на Собранието во 2014 година (но и од многу порано), па до денешен миг, ги надмина и најзлокобните предвидувања и на најтемните касандри во македонската политика. Противењето кон Заевите безумни политики создаде една јатка македонски интелектуалци што прво предупредуваа, потоа се противеа, за на крајот да даваат и активен отпор кон чудовиштето што ни растеше пред очите. Сиве овие години поминати во жестока борба го зацврснаа тој скелет на интелектуалното спротивставување кон сите разградувачки политики. Тоа е мојот круг соборци и навистина за мене ќе беше најлесно да останам во рововите, особено сега, кога се развеа сета магла, испарија сите привиденија и вистината излезе на виделина. Меѓутоа, секој интелектуалец има одговорност кон целото општество. Оттука е нужно да се излезе од рововите, да се подаде рака и повторно да се обединиме, макар околу најосновните вредности, а тоа се заштита на македонската државност, одбрана на македонскиот идентитет и повторно воспоставување на македонската демократија.

Пред две години бев дел од една иницијатива на македонските интелектуалци, која излезе со прогласот насловен „Македонизмот е легитимна еманципаторска идеја. Чуму ѝ е на Европа една размакедончена Македонија?" Ние тогаш го надминавме клучниот расцеп од 2010-тите година, расцепот помеѓу „шарена Македонија" и „патриотска Македонија", затоа што ги видовме темните облаци што веќе се надвиснуваа над земјата. Прогласот беше дочекан на нож, затоа што веројатно не бевме подготвени да ја видиме големата слика и да ги согледаме последиците од врвицата кон која нè втурнаа Зоран Заев и Димитар Ковачевски. Денес нештата отидоа подалеку и од нашите тогашни најпесимистички прогнози.

Време е повторно да се обединиме и конечно заедно да зачекориме во 2020-те. Клучно за тоа е да ги испратиме во политичка пензија сите корифеи на поделбите од претходната деценија, вклучително и Стево Пендаровски и неговата реторика.

# Има разлика, малку треба



Заге **ФИЛИПОСКИ**

Во Либерија, кај доктор Керкула на гости, ни нудат храна, донесоа фуфу со суп (чорба) и тобоги со ориз. Од куртоазија зедовме по малку. По некое време доаѓа неговата сопруга: „Јас готвев, а ти си тој што ги измеша работитите?". Сум јадел фуфу со тобоги, а тоа таму никој не го прави, се знае фуфу се јаде со суп, а тобоги со ориз, и точка. Се друго е ерес! Тоа е една затворена култура која одбива новитети, надворешни влијанија и било какви иновации.

Либерија има интересна историја, ни раскажуваше домаќинот. Никогаш не биле колонија, имале еден добар претседател Толберт, во 70тите ја еманципирал нацијата, обезбедил образование, најдобрите ги испраќал да студираат во странство во пријателски земји, (тогаш меѓу нив била и Југославија, ви текнува). Се изградиле модерни универзитети и болници (тоа време е направена и нашата Воена болница, која сеуште одолева на налетите на реформите). Се формирале кооперативи, земјата почнала да извезува храна, била регионален хаб за учење и лечење. Имало и современи хотели странски инвестиции претежно од Либија (ги гледаме на стари слики).

Во одреден момент дошле дивите и ги избркале питомите. Се собрала една банда предводена од некој бунтовник, го егзекутирале претседателот и 13 министри. Сите се согласни дека тоа биле едуцирани и способни луѓе. Власта ја преземал Самуел До, тој владеел со цврста рака и државата некако функционирала. Но и него на ист начин во 1989 му се собрала друга банда, предизвикале конфликт, и граѓанска војна. И него го егзекутирале. На власт дошол Тејлор од најдалечните забити на земјата и си донел исто такви министри, без образование и без вештини. Од тогаш земјата не може да се рехабилитира, царува корупција и немаштија.

Моментално, бизнисот во најголем дел го држат либанци дојдени пред 50 години во времето на просперитет и поранешни политичари кои на некој начин дошле до капитал. Странски инвестиции се во делот на рударство и огромна плантажа за гума. Едноставно во услови на корупција, немање правна сигурност и needуцирано население нема услови за бизнис, нема ни домашно производство. Храната која порано се извезувала сега се увезува, а увозот го контролираат мал број поединци. И покрај ниските плати цените се екстремно високи.

Новоизбраниот претседател Боикаи (2023) донесе неколку способни министри. За неколку месеци се довршија главните патиштата кои со години беа во „изградба". Се подобрува наплатата и со тоа и снабдувањето со струја. Веднаш се чувствува економска раздвиженост.

skopskoeho.mk КЛИКНИ!
читајте не и на интернет и таму сме бесплатни


Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „МАКЕДОНСКО ЕХО"

# Колку граѓани биле измамени при купување на половен автомобил со скриени дефекти?



Пеце ЛОЗАНОВ

Имаме ли потреба од Закон за одговорност или заштита на купувачите при купување на половен автомобил? Со одговорност за дефекти, продавачот е одговорен да се осигура дека предметниот автомобил немал сериозни дефекти кога му бил предаден на купувачот. Она што се смета за дефект или колку долго продавачот знаел за дефектите. Кога се продава автомобил, продавачот е одговорен да се осигура дека возилото нема сериозни дефекти кој ќе ја загрозат безбедноста најпрво на купувачот, а потоа и на останати. Затоа за продавачот е потребно законски да се преземат одговорности од сериозни дефекти, а со кој би се зголемила сигурноста при купување на користен автомобил, додека продавачот го сноси ризикот.

Кога купувате стоки за широка потрошувачка, како што е половен автомобил, приватниот продавач не може да биде исклучен од одговорност за сериозни дефекти - ова исто така важи и за купување на користен автомобил од комерцијален дилер. Законски во Германија е пропишано дека одговорноста за дефекти за купениот предмет важи за претприемачот цели две години. Дилерот може да ја скрати одговорноста со купопродажниот договор за продажба - таа најчесто е ограничена на една година, или да ги наведи дефектите во договорот. Ова значи дека продавачот не може последователно да биде обвинет за прикривање дефекти. Автодилерите би требало да се обврзани да прифатат одговорност со потпишување на купопродажниот договор доколку има прикривање на сериозни дефекти. Или доколку сакате приватно да продадете користен автомобил, можете договорно да се договорите за исклучување од одговорноста за ова прашање. Како продавач, треба да бидете внимателни и со ветувањата за гаранција. Во Германија постои гаранција таканаречена „технички беспрекорно" - или експресно ветување, кој продавачот мора да биде одговорен и во случај на најмал дефект, нормално со ваквиот тип на гаранција најмногу варира и цената. Во зависност од староста на возилото, одредени знаци на абење се вообичаени кај половните автомобили и се прифатливи за купувачот - особено затоа што купувачот е информиран за знаците на истрошеност при купувањето. Но, не и кога возилото доживува преголемо абење, кинење и трошење, односно кога има сериозен дефект? Задачата често не секогаш е јасна. Затоа можеби е потребно да се консултира со независен експерт.

Во Германија практика е при купување на половен автомобил од комерцијална компанија, таа да биде одговорна за материјални дефекти на купениот предмет во договорениот временски период. Доколку се појави сериозен дефект кај вашиот половен автомобил во ова време, првично имате право на компензација во форма на поправки или испорака на замена. Под одредени околности, доколку има дефект на користениот автомобил што го купивте, можете да се повлечете од договорот за купување или да ја намалите куповната цена. Ова е можно доколку продавачот конечно одбива да го поправи предметот или поправката не е успешна. Случај ако поправката не била можна дури и по два обиди за поправка. Повлекувањето од купопродажниот договор обично е можно само ако има сериозни дефекти во автомобилот.

Обично нема да ви биде вратена целосната куповна цена затоа што треба да ја надоместите користа или употребата што сте ја добиле од користењето на автомобилот се додека не биде вратено. Најчесто експерт од областа го одредува недостатокот врз основа на стручна проценка. Инаку купувањето на возила за балкански простори оди по други канали, германските правила не важат за балканското лошо друштво. А кај нас кога купувате користен автомобил, тоа обично се сведува на компензација преку последователни перформанси. А најголемиот репер на цена се одредува според "вратените" километри!






Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

БОЈАН ЃОРЃИЕВСКИ

# Да беа добри владините мерки ќе имавме пораст, а не намалување на добиточниот фонд

**Потребно е државата да застане позади производителот, бидејќи од увоз не можеме глава да кренеме (млеко, месо, јајца). Кога ќе знаеме дека некој стои цврсто позади нас и сме сигурни, ќе има простор за пораст на производството, но за жал, кој и да дојде е наклонет кон увозничкото лоби, вели Ѓорѓиевски**



Со Бојан Ѓорѓиевски кој е претседател на најголемото здружение на свињарски фарми на ниво на цела Македонија „Македонско прасе" зборуваме за состојбите во сферата на сточарството, што треба да се направи...

**● Македонија се соочува со намаленото земјоделско производство. Се чини, не се добри состојбите и во сточарството. Каква е реалноста, какви се состојбите во оваа област?**

- Сточарството во Република Македонија последните години доживува тотален крах. По последните статистики извадени од Државен завод за статистика кај сите видови на продуктивни животни имаме тотален пад. Кравите се намалени за цели 100.000, овците за преку 80.000 (што не е фиктивен број бидејќи имаме голема манипулација), живината за 400.000 како и свињите за 10.000 - ова се споредбени податоци од 2010 и 2022 година. За жал, моментално државата сама може да се снабди 100 отсто само со свежо свинско месо и конзумни јајца, додека кај млеко производството сме увозни за цели 60 отсто како и кај производството на говедско месо и пилешко каде што сме 99 процентно увозно зависни. Бројките сами по себе кажуваат дека ситуацијата е алармантна и излезена вон контрола и дека следните години ќе бидеме сведоци на енормно распродавање на сточниот фонд и празнење на македонските села. Би сакал да се осврнам на една лоша страна од кој исто така имаме многу партизирани земјоделски здруженија кои служат за чист популизам, а немаат допринесено апсолутно ништо како и дека од нив не можеме на ред да дојдеме и да ги побараме нашите права како вистински земјоделци. Дополнително загрижува фактот што старосната граница во сите гранки на земјоделието надминува 55 години старост.

**● Државата од своја страна води некаква политика со субвенции и други стимулативни мерки. Дали тие имаат ефект?**

- Државата, за жал, посебно последните години е многу понаклонета кон трговците, а не кон производителите. Тоа е сурова реалност и сите сме сведоци на тоа. Мерките што ги стимулираат се без корисни бидејќи, пред се, субвенциите за сточарството ни каснат со по година дена, а тие се предвидени да бидат дадени на сточарите пред жетвата за, колку толку, да може да се обезбедат со храна, а останатиот дел да биде стимулирачки за обновување и инвестирање (генетика, нови фарми, машини...). Пак ќе кажам со многу жалење, исто така дека и И-пардот што се промовира не може да стигне до малиот земјоделец или фармер, бидејќи тоа бара многу време и залагање за комплетирање на документите, а индивидуалните и малите земјоделци двете работи од еднаш не можат да ги постигнат. Од наша страна како Здружение побарано е критериумите да се намалат за сите да бидат благодет од тоа, но, за жал, не најдовме до сега разбирање со оваа владејачка структура. Размислувањата ни се разминуваат во два сосема дијаметрално различни правци. Како што напоменав, Сточарот и Земјоделецот се доведени на питачки стап и едвај се крпи крај со крај, бидејќи да беа мерките добри ќе имавме пораст, а не намалување на добиточниот фонд.

**● Какви се промени, мерки, стимули се потребни за сточарството навистина да дојде на ниво какво што ни е потребно?**

- Пред се, ни е потребно како основно да имаме редовно исплаќање на субвенциите во текот на годината, што до сега не беше случај. Многу голем проблем е исто така што повеќето сточари (барем во производство на свињи) немаме добиено земја за обработка и производство на житарици, при што би ги намалиле трошоците за скоро 50 отсто. Потребно е државата исто така да застане позади производителот, бидејќи од увоз не можеме глава да кренеме (млеко, месо, јајца). Кога ќе знаеме дека некој стои цврсто позади нас и сме сигурни мислам дека ќе има простор за пораст на производството, но, за жал, кој и да дојде е наклонет кон увозничкото лоби. Потребна е голема стимулација во секој аспект да може да се привлечат нови луѓе да можат да се занимаваат со земјоделие. Зелената нафта кај вистинските земјоделци треба да е 100 отсто, киријата исто така што ја плака земјоделецот на државата да се намали или укине. Овие сите мерки горе што се наведени се предложени и експресно одбиени од страна на сегашниот министер.

## За 5 до 10 години сточниот фонд во Македонија ќе дојде на биолошки минимум

**● Зарем че се доде во ситуација да останеме скоро без ниту едно грло добиток, без говеда, без јагниња, кози, крави...?**

- За разлика од нашите соседи имаме најниска стимулација на основата на стадото (маторица 1.000 денари, овца 1.000 денари, коза 1.000 денари, крава 3.000 денари што е смешно и го нема никаде). Потребно е триплирање на основната субвенција за да има кој да произведува. Поголема поддршка мора да се дава и за животните што ќе бидат предадени во кланица, а со тоа да се намали дивото колење и продажба (сива економија) а со тоа и државата ке биде во тек со здравствената состојба на популацијата како и бројката. Мерките како „Млад земјоделец", „Рурална жена", за жал, не даваат резултат и тоа е видливо. Потребно од една страна е властите да почнат да ги прифаќаат нашите барања бидејќи со ова галопирачко темпо, каде што секоја година имаме осцилации – дали од болест, дали од лоши временски услови кај житарките, послаб род - за 5 до 10 години сточниот фонд ке дојде на биолошки минимум. Што на крај ќе резултира по грбот и џебот на граѓаните, а второ и по здравјето бидејќи увозниот квалитет не е рамен на домашниот.

ГОРАЗД БЛАЖЕСКИ

# Од татко ми, но и од Роналдо научив дека со физиката треба да се занимавам комплетно

**Најдобар бев на задачите од квантна механика и од елетктромагнетизам, ни вели Горазд, талент кој има признанија и медали од меѓународни натпревари**

Каква врска може да има светски позната фудбалска ѕвезда со нечија инспирација да се занимава со физиката? Може, и тоа го покажува случајот со 19 годишниот Горазд Блажески, ученик во четврта година во средно училиште „Свети Климент Охридски" од Охрид. Тој е талентиран за физика, ја сака како наука и се повеќе забележува успеси на натпревари на кои учествува, а вели дека меѓу неколкуте фактори кои влијаеле да се занимава со оваа научна дисциплина била и фудбалерот Кристијано Роналдо.

-Многу голем фактор за успехот е поддршката која ја добивам од семејството и најблиските. Малку чудно за студент по физика, мојот идол во поглед на начин на размислување во кариерата е Кристијано Роналдо и од него имам научено дека треба многу да работам и да не останувам во комфорт зоната, односно да не се занимавам само со еден дел од физиката туку комплетно, ни вели Горазд.

На последната Меѓународна олимпијада по физика одржана во Швајцарија тој беше дел од нашиот тим и на крајот од престижниот натпревар тој се здоби со пофалница.



-Тоа ми е најголем успех до сега, тоа што го постигнав на Меѓународната олимпијада по физика во Швајцарија. Инаку, имам освоени и златен медал на меѓународниот натпревар по астрофизика ИААЦ во 2023 и други медали на меѓународни натпревари по експериментална физика и математика.... Натпреварот во Швајцарија беше исклучително потежок од другите натпревари кои се одржуваат во областа физика. Да се освои пофалница е вреден успех и се надевам дека следните генерации ќе бидат мотивирани да направат уште поголеми успеси. Најдобар бев на задачите од квантна механика и од елетктромагнетизам, ни вели овој талент.

Горазд, покрај физиката, го сака и тенисот кој го тренира веќе десет години, сака да излегува, сака да игра фудбал...

-Уште од мал почнав да работам математика со татко ми, кој има најголема улога што се занимавам со наука. Бидејќи до 8-мо одделение немаме предмет физика, тој ме насочи повеќе кон математиката. Во прва година средно, откако подобро ја открив физиката, мојата заинтересираност кон неа се разви уште повеќе, наведува Горазд.

Вели дека физиката ја смета за привлечна наука бидејќи ги одговара најголемите прашања во универзумот, преку неа ги проучуваме најситните и најмасивните тела.

## План за студии во странство

Горазд ни кажува дека сега завршува 4-та година средно, а во план има да се запише странство. -По факултетот би останал таму за мастерс. А дали потоа би се вратил вратил во Македонија тоа ќе зависи од многу фактори. Најмногу зависи од состојбата во земјата, дали би можел да најдам работа бидејќи сакам да се занимавам со теориска физика, какви би биле условите овде и таму..., вели тој.

ВЕСНИКОТ ГО ИМА И ВО ВАШЕТО МААЛО...

## Земете примерок на „Македонско Ехо" на преку 200 локации низ Македонија

**Почитувани,
весникот „МАКЕДОНСКО ЕХО" бесплатно ќе ве чека во четврток во повеќе населени места низ Македонија.
Еден дел од тиражот ќе се дели на плоштади и други прометни места, а ќе се остава и во поштенски сандачиња.
Сите заинтересирани читатели кои нема на таков начин да го добијат бесплатниот неделник, ќе можат да дојдат до него на преку 150 локации низ државата.**

Испечатено во 50.000 тираж

ВЕСНИКОТ ПОБАРАЈТЕ ГО НА СЛЕДНИТЕ ЛОКАЦИИ:

TINEX МАРКЕТ ЗУР Гранап TAMARO SPORT LIFE Специјал МИН-ЕКС

И НА ДРУГИ ЛОКАЦИИ НИЗ МАКЕДОНИЈА




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

# МАКЕДОНИЈА ПОВТОРНО ГОРДА!

ГОРДАНА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ

ВМРО-ДПМНЕ

2

Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

## ГОРАЗД ЧАПОВСКИ

# Секогаш сум точен и ефикасен, а сум и прилично наивен и толерантен

*Познатиот македонски музичар Горазд Чаповски одговара на 10 прашања околу неговиот живот...*



**1. Три најсреќни моменти во животот?**

-Тешко ми е да издвојам, но ако веќе морам, тоа е мојот прв концерт во холот на гимназијата „Никола Карев". Ја помнам и неверојатната еуфорија која ме обзеде кога ја отворив кутијата со прекрасниот махагони „Крамер", кој ми го подари чичко ми од Шведска. Сепак, ништо не може да се спореди со среќата со која бев благословен кога два пати во животот станав татко.

**2. Три работи кои се каете што сте ги направиле?**

-Морам да кажам дека никогаш и за ништо не се каам. Можеби звучи фаталистички, но јас верувам дека она што се случило и требало да се случи.

**3. Тројцата Македонци од сегашноста со кои се гордеете?**

-Се гордеам со сите наши креативци кои ја дигаат македонската култура која е во предсмртна агонија, што треба уште...

**4. Три работи кои Ве радуваат и три што Ве нервираат?**

-Ме радува чист воздух, бистра вода и јасно сонце. Не ја поднесувам нашата сообраќајна некултура, како и урбанистичкиот хаос кој цели прекрасни населби ги претвори во „Terra Incognita"

**5. Три предмети што најмногу Ве намачија како ученик?**

- Генерално, не чуствував афинитет кон природните науки, иако не се мачев посебно околу некој предмет.

**6. Три работи во кои сте добар, и три во кои не Ве бива?**

-Мислам дека сум добар организатор, секогаш сум точен и ефикасен. За свој хендикеп го сметам фактор што не секогаш умеам да проценам, прилично сум наивен и премногу толерантен.

**7. Три места во Македонија што радо би ги посетиле?**

-Би сакал да посетам некое етно село, добра винарија, а би сакал и подобро да го запознаам беровскиот крај, кој, за жал, слабо го познавам.

**8. Три најдобри книги, филмови и песни?**

Тешко прашање, но ако веќе морам:

**Книги:** Том Соер/Марк Твен, Селидби/Милош Црњански, Воскресение/Толстој.

**Филмови:** Кум/Копола, Шиндлеровата листа/Спиелберг, Пекол.

**Песни:** Rider of the storm/Doors, War pigs/Black Sabath I Hej Joe/Hendrix.

**9. Три омилени јадења?**

-Пак тешко прашање, не можам без тавче гравче, блага зелка со свинско и секако, летен пинџур во комбинација со скопски јабучар и сирење.

**10. Три совети кои ги давате на другите?**

-Ретко, речиси никогаш не давам совет, веројатно зашто и самиот ниту сум го барал. А уште помалку сум ги почитувал. Сепак, можеби е ова згодно место да цитирам една мудра изрека од прерано починатиот Небојша Глоговац кој вели: Ако мрачиш мрачно е, ако сјаеш сјајно е.

## ИНФОРМАТОР

### СКОПЈЕ

### МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР





17 април 20.00 ч.

**Народен непријател**

18 април 20.00 ч.

**Хенгинг араунд**

19 април 20.00 ч.

**Хенгинг араунд**

20 април 20.00 ч.

**Хенгинг араунд**

22 април 20.00 ч.

**Станд уп на Сашко Коцев – Широк дијафазон**

23 април 20.00 ч.

**Горчливите солзи на Петра фон Кант**

### НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ



23 април 20.00 ч.

**Молитви на моето тело, балет**

### МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА

25 април 20.00 ч.

**Божествен**

### ДРАМСКИ ТЕАТАР



23 април 20.00 ч.

**Странци**

### ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ

17 април 20. 00 ч.

**Како ќе го делиме мачорот**

18 април 19.00 ч.

**Мачорот во чизми**



19 април 19.00 ч.

**Тоби**

20 април 19.00 ч.

**Некој нека ми каже колку сум важен**

### СИНЕПЛЕКС

18 април

**Абигејл, трилер**

**Улоги:** Кетрин Њутон, Ден Стивенс




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

# Мора да се бара одговорност за Универзалната сала

Универзалната сала во Скопје откако изгоре ми остана една болка во душава која си ја носам сите овие денови. Таму одев како млад на џез – фестивал, таму одев да бидам и слушнам значајни работи што се дешаваат во светов, а сега тему остана само пепел и железна конструкција која можеби е и неупотреблива.

Болката во душата е и од самата помисла дека судбината на Универзалната сала е всушност судбината на нашата Македонија. Сите политичари и функционери од ЕУ и ветуваа дека ќе ја реновираат и подобрат - сите ја оставија да пропаѓа.

Ако сакаме сето ова да се промени, треба добро да помислиме за кого ќе гласаме и кого же му дадеме да ја води и земјава и да ја оправа Универзална сала. Меѓутоа за да бидеме сериозна држава, овој пат не смееме да дозволиме за големиот пожар за виновник да биде пронајден некој си неидентификуван кабел. Нека одговорноста има име и презиме. Срамно е веќе ова што стана востановена пракса – никој да не е виновен освен кабелот, пајакот и слични будалаштини.

За мене Универзалната сала е споменик на уметноста и солидарноста. Тоа мора да се обнови, ама паралелно со тоа и да се бара одговорност за пожарот. Доста е од долги судски постапки или пак воопшто и криминалците да не стигнат до суд.

**Алексо**

## Македонскиот јазик се брани на два фронта

Борбата за сочувување на македонскиот јазик е на два фронта и тоа треба да се разбере од сите што имаат добри намери. Едниот фронт е дома каде нашиот јазик е под удар на странските јазици кои ги има повеќе во македонските медиуми отколку македонскиот јазик. Под удар дома е и од незаинтересираните државни институции да се даде приоритет на потребата за заштита на јазикот. Вториот фронт е во ЕУ каде јас не добивам јасна слика дека баш го почитуваат службениот јазик во Македонија.

Не така одамна претседателката на Европската комисија Фон дер Лајен кога беше во Скопје истакна „целосно го почитуваме вашиот јазик". Но еве јавно прашувам зошто тогаш една нејзина членка крајно го негира тоа, а претседателката не реагира да не одбрани и да и објасни на Софија дека македонскиот јазик е на исто рамниште со останатите јазици на ЕУ? Не убедуваат дека сме „на коњ" затоа што сме потпишале некој договор на македонски јазик. Епа на кој да го потпишеме, Французите на кој јазик потпишуваат договори?

Но најмногу на македонскиот јазик треба да му помогнеме ние Македонците. Од нас зависи како понатаму ќе се развива македонскиот јазик. Од нас зависи и дали нашите функционери ќе го бранат јазикот или ќе го распродаваат.

**Зорица**

**Почитувани читатели,**
рубриката „Писма" е наменета за ваши реакции и мислења по разни теми што ве засегаат. Обраќањата може да ги испраќате на нашите адреси: **ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје;** и на **skopskoeho@yahoo.com**
Дописите ќе се објавуваат во изданијата на весникот во зависност од просторот.





Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  | | | | | | НАЈСТАР КОШАРКАРСКИ КЛУБ ВО МАКЕДОНИЈА ОД СКОПЈЕ (ФОТОС) | ПРВ ЛАТИНСКИ ПИСАТЕЛ, ЦЕНЗОР КЛАВДИЈ (3. ВЕК) | АЛКА, КАСАЈ (МН.) | ВИД ГРОЗДОВА РАКИЈА (ИТАЛ.) | ТРУДБЕНИК | ЛИТЕРАТУРЕН МЕЦЕНА И ПРВ ПОЗНАТ ИЗДАВАЧ, ТИТ ПОМПОНИЈ | ГРАД ВО СЕВЕРОЗАПАДЕН ИРАН (Н..Ј.) | ВИД ЧОВЕКОЛИК МАЈМУН "ШУМСКИ ЧОВЕК" (БОРНЕО) | НАША ПЕЈАЧКА |
| | | | | | ДЕЛ ОД РАЗГРАНЕТО ДРВО, ВЕТКА, ГРАНКА | | | | | | | | | |
| | | | | | СИСТЕМ ОД АПАРАТИ | | | | | | | | | |
| | | | | | ДВОУСТНА СОГЛАСКА (ГЛАС) (М,П,Б) (ГРАМ.) | | | | | | | | | |
| | КОКОШКИНО КРАКЊЕ | ТУМОР СОСТАВЕН ОД МАСНО ТКИВО (МЕД.) | ПУКОТ ОД ОГНЕНО ОРУЖЈЕ (МН.) | ЕХО ОДГЛАС | РЕКА НА СЕВЕР ВО ЈУЖНА АМЕРИКА / ВИД ЅВЕЗДА | | | | | | | НИКЕЛ / МУЗ. ИНСТРУМЕНТ СО 4 ЖИЦИ, ГИТАРА ОД ХАВАИТЕ | | |
| МУШТЕРИЈА, ИНТЕРЕСЕНТ | | | | | | | ГРАД ВО ВИЕТНАМ (.ЦА..) / ТИМ ДАНКАН | | | | РЕЖИСЕР ТОЊАЦИ / ЦРНО ТВРДО ТРОПСКО ДРВО (МЕБЕЛ) | | | |
| ИТАЛИЈАНСКИ ФИЛМСКИ РЕЖИСЕР, ЛУКИНО | | | | | | | | | СИТЕ ЗАЕДНО (ПРИЛОГ) / ДРОБ | | | | | |
| ТИП НА СОВРЕМЕН ЕКСПРЕСЕН ВОЗ ВО АНГЛИЈА (.А.П..) | | | | СЕТИЛО ЗА ГЛЕДАЊЕ / ЦИФРА, НУМЕРО | | | | ДРЖАВА ВО ИСТОЧНА АФРИКА / ПЛАНИНА ВО СУДАН | | | | | | |
| БИЧ, КАМШИК | | | | | | | НАУЧНИКОТ ТЕСЛА / "РИБОНУКЛЕИНС. КИСЕЛИНА" | | | | | | | СТАРИ РИМСКИ ПАРИ |
| РЕКА ВО ХОЛАНДИЈА ПРИТОКА НА СЕВЕРНО МОРЕ (..М...) | | | | | ЗАТВОРЕНА КРИВА ЛИНИЈА СО РАДИУС / РАДИУМ | | | | | ПОЗНАТ ХИТ ОД МУЗ. ГРУПА "МЕМОРИЈА" / КУМАНОВО | | | | |
| 18-ТА БУКВА ОД АЗБУКАТА | | АМЕРИКА. АКТЕРКА "ДЛАБОК СОН" / ЛУКСЕМБУРГ | | | | | | | | | | | СУЛФУР / ЛИТАР | |
| РЕЖИСЕРОТ КАЗАН | | | | | | РИНГИШПИЛИ, ВРТЕЛЕШКИ (СО КОЊСКИ ФИГУРИ) (ФР.) | | | | | | | | |

## СУДОКУ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | | 3 | 8 | 6 | | 9 | | 7 |
| | 2 | | 4 | | | | | 3 |
| | 6 | | | 3 | 5 | 8 | | |
| 1 | | | | 4 | | 7 | | |
| | | 8 | 6 | | 9 | 4 | | |
| | | 6 | | 7 | | | | 9 |
| | | 2 | 3 | 8 | | | 6 | |
| 6 | | | | | 7 | | 9 | |
| 3 | | 5 | | 1 | 6 | 2 | | 8 |

## ХУМОР

Трпана жестоко му е лута на Трпе и му вика на цел глас:
- Гаду еден, па како си можел да спиеш со сестра ми?
- Се збунив, мислев дека си ти...
- Доста лажеш, Како може да се збуниш кога јас сум со црна коса, а она е плавуша?
- Но презимињата ви се исти и јас се збунив...

* * *

Одат двајца кумановци во ресторан во Истанбул и едниот му вели на другиот:
- Брат д'нска ќе едемо Суши.
- Брат ја ен знам такој да еду, ја ќе си еду С'суста.
При проверка на царина:
- Што имаш во куферот?
- Храна за папагали и канаринци.
- Отвори да видам.
- Море, па овде има мобилни телефони.
- Јас ќе ги давам на папагалите, а ако не ги јадат ќе ги продадам.

* * *

Полицијата по долга потера успева да сопре еден возач кој им бегал. Полицаецот му вели на возачот:
- Одамна не сум се забавувал вака добро бркајќи те. Ќе те пуштам ако ми дадеш смешен одговор зошто бегаше.
- Жена ми пред 3 месеци ме остави за еден полицаец. Кога го видов полициското возило на ретровизор помислив и се преплашив дека сака да ми ја врати.




# МАКЕДОНИЈА ПОВТОРНО ГОРДА!

**ГОРДАНА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ**

ВМРО-ДПМНЕ

**2**

Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

7

ДВИЖЕЊЕ
ЗНАМ
ЗА НАША МАКЕДОНИЈА
www.dvizenjeznam.org.mk



# МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ
# ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ

**МАКСИМУМ ЗА МАКЕДОНИЈА**

Платена политичка реклама, нарачател ЗНАМ